Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-3179/1 од 04.12.2025 година, оформен по пријава поднесена од група вработени во ООУ „---------“ – Општина -------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постојат елементи за натамошно постапување по предметот, имајќи предвид дека по истите наводи веќе постапиле надлежни инспекциски органи, при што не биле утврдени неправилности.

Предметот со број 12-3179/1 од 04.12.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет број 12-3179/1 од 04.12.2025 година, по пријава поднесена од група вработени во ООУ „---------“ – Општина ------, во која се изнесуваат наводи за повреди на законски одредби во работењето на училиштето, и тоа: учество на градоначалникот на Општина ------ во работата на Наставничкиот совет, незаконско свикување на седница на Наставничкиот совет, недоставување материјали, одржување седница за време на наставниот процес, како и вршење притисок врз вработените.

Со цел утврдување на фактичката состојба и надлежноста за постапување, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат, како надлежен орган за вршење инспекциски надзор над примената на прописите од областа на основното образование.

Од доставеното Известување бр.---- од 11.02.2026 година и од приложените записници за извршен вонреден инспекциски надзор (бр.---- од 06.02.2026 година, бр.---- од 03.02.2026 година, бр.---- од 02.02.2026 година, бр.---- од 05.02.2026 година, бр.---- од 27.01.2026 година, како и бр.---- од 06.11.2025 година и бр.---- од 02.12.2025 година) произлегува дека по наводите од пријавата биле извршени повеќе вонредни инспекциски надзори, при што не се констатирани неправилности во рамки на надлежностите на Државниот просветен инспекторат.

Во однос на наводите за присуство на градоначалникот на Општина ----- на седница на Наставничкиот совет, од извршениот инспекциски надзор е утврдено дека градоначалникот присуствувал врз основа на покана упатена од в.д. директорот на училиштето, заедно со двајца претставници од општината, и тоа на почетокот на седницата, по што го напуштиле состанокот. Овие околности се констатирани во записникот од одржаната седница, при што не биле утврдени неправилности.

Во однос на наводите за незаконско свикување на седница на Наставничкиот совет, инспекцискиот надзор утврдил дека седницата била свикана врз основа на известување од Државниот просветен инспекторат за преиспитување на довербата на членовите на Училишниот одбор од редот на наставниците. Наставниците биле известени за одржувањето на седницата преку известување објавено на огласна табла, согласно член 68 став 3 од Статутот на училиштето, како и дополнително преку електронска комуникација.

Во однос на наводите за различно постапување на Државниот просветен инспекторат, утврдено е дека инспекторатот постапувал и по други иницијативи поврзани со работењето на училиштето, при што во еден случај биле утврдени неправилности, односно било констатирано дека постоело неусогласување на датумите за изготвените покани за седници на Советот на родители и неусогласување на датумите на Записниците од одржаните седници на Советот на родители со датумите на архивирање на истите, поради што била изречена инспекциска мерка за нивно отстранување.

Од записниците произлегува дека работењето на училиштето е уредено, со важечки статут и дека по однос на наводите за недоставување акти и записници, како и за начинот на одржување на седниците на Наставничкиот совет, не се утврдени повреди на прописите, поради што, согласно член 68 став 4 од Законот за инспекциски надзор, инспекторатот ја запрел постапката поради неутврдени неправилности.

Дополнително, ДКСК утврди дека по дел од наводите постапувал и Државниот инспекторат за труд, кој исто така не утврдил неправилности во рамки на своите надлежности.

Имајќи предвид дека по истите наводи веќе постапиле надлежни органи кои не утврдиле неправилности, како и дека наводите се однесуваат на прашања од областа на воспитно-образовната дејност и законитоста во работењето на училиштето, што претставува надлежност на инспекциските органи од областа на образованието и трудот, ДКСК оцени дека во конкретниот случај не се утврдени околности што укажуваат на постоење на корупција или судир на интереси, ниту постои основ за натамошно постапување во рамки на нејзините законски надлежности.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата